# ФЛУИДИНГ М1М

*Пластификатор за бетон и малтер / успорувач на врзувањето*
*Одговара на: EN 934-2: T10*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Подготовка на “стандардни“ бетонски мешавини наменети за изведба на различни позиции кај градежните објекти (темелни и други подземни конструкции, индустриски подови, АБ столбови, греди, меѓукатни конструкции, бетонски коловозни конструкции, хидротехнички објекти, потпорни ѕидови и др.)
Подготовка на бетонски мешавини кои се наменети за транспорт и се вградуваат со пумпа;
Бетонирање градежни елементи со густо армирани пресеци;
Бетонирање во услови на високи амбиентални температури;
Бетонирање на масивни бетонски пресеци, каде има опасност од појава на несакани последици предизвикани од егзотермните процеси во бетонот;
Подготовка на цементни инјекциони смеси;
Подготовка на економични бетони со оптимален однос помеѓу компонентите и перформансите на бетонот;

## СВОЈСТВА

- Овозможува редукција на вода до 18%;
- Овозможува продолжен транспорт и вградување на бетонот (до 90 минути);
- Ја подобрува обработливоста на бетонот без дополнително додавање на вода;
- Го олеснува вградувањето и негата на бетонот во услови на високи амбиентални температури;
- Ја зголемува компакноста и водонепропусноста на бетонот;
- Ги подобрува физичко-механичките карактеристики на бетонот (зголемени почетни и крајни јакосни карактеристики);

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | Кафена течност |
| Волуменска маса (на 20˚C) | ISO 758 | (1.04÷1.08) g/cm$^3$ |
| Содржина на хлориди | EN 480-10 | ≤0,1% |
| Содржина на алкалии | EN 480-12 | ≤5,5% |
| pH вредност (на 20˚C) | ISO 4316 | 4±1 |

## ДОЗИРАЊЕ И ПЕРФОРМАНСИ:

Оптимално дозирање на Флуидинг М1М се движи од 0,3 до 1,0 % во однос на количеството на цемент во бетонската мешавина. При вакво дозирање се постигнува редукција на вода до 18%. Притоа, соодветно се постигнува покачување на крајните јакосни карактеристики на бетонот на 7 и 28 дена.
Оптимално дозирање на Флуидинг М1М најдобро се одредува со претходни лабораториски или индустриски испитувања.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

Во услови на високи амбиентални температури, или во случај кога производството, транспортот и вградувањето на бетонот трае подолго од 90 минути, препорачаното дозирање на Флуидинг М1М е над 0,8%, додека свежиот бетон треба да виде со повисока класа на конзистенција (S3 или S4). Дополнително, препорачуваме во бетонот да се дозира адитив за успорување на врзувањето на бетонот Успорувач Д2.

Дозирањето на адитивите се врши рачно или автоматски во текот на производството на бетонот. Најдобар ефект се постигнува кога Флуидинг М1М се додава заедно со последните 20 – 30 % од потребната вода во бетонот, во претходно измешани агрегат, цемент и 80% од вода во бетонот. Препорачано времетраење на мешањето на свежиот бетон со додаток на Флуидинг М1М не треба да трае пократко од 90 секунди.
**Ефекти од предозирање:** Превисоко дозирање на Флуидинг М1М може да предизвика сегрегација и одложено врзување на бетонот.

## КОМПАТИБИЛНОСТ

Флуидинг М1М е компатибилен со повеќе адитиви од програмата на АДИНГ од групата на забрзувачи и успорувачи на врзувањето, адитиви за зимско бетонирање, адитиви за водонепропустливост, аеранти, итн. Доколку во бетонската мешавина се користат два или повеќе адитиви потребно е да се направат претходни испитувања. Различните адитиви се дозираат посебно, односно не се мешаат меѓусебно пред уфрлувањето во бетонската мешавина. Флуидинг М1М е употреблив со сите типови на портланд цемент вклучувајќи ги и сулфатно отпорните цементи.

## ПАКУВАЊЕ

Пластични канти: 20 kg
Буриња: 200 kg
Контејнери: 1000 kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинално пакување на температура од 5°C до 35°C. Рок на употреба 12 месеци.

АДИТИВИ ЗА БЕТОН И ЦЕМЕНТ



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE
2032

АДИНГ АД Скопје,
Новоселски пат (улица 1409) бр.11
1060 Скопје, Северна Македонија

08

GAAC001/6

EN 934-2:2009+A1:2012

**ФЛУИДИНГ М1М**

Адитив за бетон, пластификатор/успорувач

EN 934-2:T10

| | |
|---|---|
| Содржина на хлор јони | **≤ 0,1% по маса** |
| Содржина на алкалии | **≤ 5,5% по маса** |
| Корозивно делување | **Содржи компоненти само од EN 934-1:2008, Анекс А.1** |

Опасност по здравјето: Флуидинг М1М не содржи токсични материи, но и покрај тоа потребно да се внимава материјалот да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Во случај на контакт со кожа или со очите, потребно е веднаш плакнење со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Флуидинг М1М е незапалива течност. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Флуидинг М1М се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.

АДИТИВИ ЗА БЕТОН И ЦЕМЕНТ



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk